**ССМ**

# СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
# FEDERATION OF TRADE UNIONS OF MACEDONIA

Булевар "Дванаесетта македонска бригада" бр. 2, 1.000 Скопје 3161374 тел/факс 3115787 e mail: info@ssm.org.mk

**ДО:** Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ)
**Претседател, Дарко Димовски**

**ПРЕДМЕТ:** Известување

ССМ
СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
Бр. 0302-496/3
30.12 20 16 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Ве известуваме дека Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија на својата 13 седница одржана на 26.12.2016 година покрај другото донесе Одлука за суспендирање на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ).

Исто така Ве информираме дека Советот на ССМ на својата 5 седница одржана на 28.12.2016 година покрај другото донесе и Одлука за исклучување на на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) бр.0201-484/9 од 29.12.2016 година.

Согласно горенаведените Одлуки и согласно Статутот на ССМ Ве информираме дека како синдикат го губите правото по основ на членување во ССМ и тоа во органите и телата на ССМ како и сите останати права – просторно, материјални, технички итн.

Исто така Ве информираме дека согласно пресметките врз основа на Стаутот на ССМ и Одлуката за финансирање на ССМ и податоците од ДЗС, Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) за периодот 2015 и 2016 година нема уплатено членарина во Сојузот на синдикатите на Македонија во висина од 3.370.358,00 денари.

ПРИЛОГ:

1. Одлука за исклучување на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) бр.0201-484/9 од 29.12.2016 година и

2. Одлуката за суспендирање на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) бр.0202-480/6 од 26.12.2016 година.

Со почит,

Сојуз на синдикатите на

Македонија

Претседател

д-р Живко Митревски